# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.106 од 29.07.2013 година**

## Член 1

Во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 87/13), во членот 18 став (1) по зборот "рати" точката се брише и се додаваат зборовите: "или на десет еднакви годишни рати, доколку избраниот понудувач е физичко лице".
Во ставот (2) по зборот "пет" се додаваат зборовите: "или десет".
Ставот (3) се менува и гласи:
"Во случај на доцнење со плаќањето на годишната рата, Министерството во рок од пет работни дена писмено ќе го опомени купувачот за обврската за плаќање на годишната рата".
По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
"(4) Доколку во рок од 15 дена од денот на приемот на опомената од ставот (3) на овој член, купувачот не ја плати достасаната годишна рата, договорот за купопродажба ќе се раскине и земјоделското земјиште ќе се врати во државна сопственост."

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".